**И.бр.403/2025**

Извршителот **Кети Арсова** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје преку полномошник Адвокат Петар Трајковски од Скопје** од Скопје со ЕМБС 4646088 ЕДБ 4030993252736 и седиште на ул. Максим Горки бр. 6, засновано на извршната исправа ОДУ бр.106/22 од 25.05.2022 на Нотар Кристина Костовска, против должникот **Друштво за производство, промет и услуги БЕБИДА ДООЕЛ Скопје** од Скопје со ЕМБС 7363095 ЕДБ 4058019533266 и седиште на ул.НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ 88б и должникот - заложен должник **Друштво за производство,трговија и застапување на странски фирми ТЕХНОКЛИМА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје** од Скопје со ЕМБС 5387612 ЕДБ 4030000378578 и седиште на бул.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ бр.143, за спроведување на извршување во вредност 2.117.122,00 ден., на ден 06.04.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**

**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста на должникот - заложен должник **Друштво за производство,трговија и застапување на странски фирми ТЕХНОКЛИМА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје** од Скопје со ЕМБС 5387612 ЕДБ 4030000378578 и седиште на бул.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ бр.143, означена како недвижност која се наоѓа во Скопје, за КО КИСЕЛА ВОДА 1, запишана во имотен лист бр. 52977 при АКН на РСМ – центар за катастар на недвижности Скопје, со сите легални и нелегални припадоци и прирастоци, доградби и надградби и адаптации изградени со или без правен основ кои претставуваат неделива целина со недвижниот имот предмет на залог, со примена на начелото на акцесорност и екстензивност, со следните ознаки:

- **Лист В – Податоци за згради, посебни делови од згради и други објекти и за правото на сопственост, број на катастарска парцела основен 107, дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) БИХАЧКА БР.3, број на зграда/друг објект 1, намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем Б4, влез/кат/број на посебен/заеднички дел од зграда- влез 003, кат СУ, број ДП7, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП со внатрешна површина од 24 м2,**

сопственост на должникот - заложен должник Друштво за производство,трговија и застапување на странски фирми ТЕХНОКЛИМА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**.**

Продажбата ќе се одржи на ден **05.05.2026** година во **12:00** часот во просториите на **Извршителот Кети Арсова од Скопје, на бул. Илинден бр. 48-2/4 Скопје.**

Почетната вредност на недвижноста намалена врз основа на Поднесок на доверителот од 28.10.2025 година, а согласно член 185 став 2 од ЗИ, **СЕ УТВРДУВА** на износ од **19.571,00 ЕВРА**, во денарска противвредност, по среден курс на НБРМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености

-Засновано Право на залог Хипотека врз основа на Нотарски Акт ОДУ бр. 106/22 од 25.05.2022 година на Нотар Кристина Костовска во корист на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје,

-Налог за извршување врз недвижност за И.бр.403/2025 од 23.07.2025 година на Извршител Кети Арсова од Скопје,

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста во денарска противвредност според среден курс на НБРСМ на денот на уплатата.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 240040002306008 која се води кај Уни Банка АД Скопје и даночен број МК5032011501041 **со цел на дознака гаранција за И. бр. 403/2025, најдоцна до 04.05.2026 година**.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

И З В Р Ш И Т Е Л

Кети Арсова